# ОБРАЗОВНИ ПРИСТАПИ ВО ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## Образовни пристапи

Важно е да се сфатат образовните пристапи кои ги користевме, пред да започнете да ги спроведувате активностите. Едукацијата за човекови права е образование за промена, како за лична, така и за општествена. Во младите луѓе се развива способност како тие да постанат активни граѓани кои ќе соработуваат во нивните заедници при промоцијата и заштитата на човековите права. Имаме за цел, образовен процес кој шири знаење, развива вештини, вредности и ставови, кој:

- поаѓа од знаењето кое младите луѓе веќе го имаат, од нивното мислење, искуствата, па тргнувајќи од тоа им овозможува да истражуваат и заеднички да стекнат нови идеи и искуства.
- Ги поттикнува младите луѓе да учествуваат во дискусиите и , доколку е тоа можно, да учат едни од други.
- Ги поттикнува младите луѓе да ги пренесат своите знења со преземање на едноставни, но ефективни акции со кои ќе покажат неодобрување на неправдата, нееднаквоста и кршењето на човековите права.

Со способностите не може да се поучува, посебно со вредностите и вештините на комуникација, критичко размислување, застапување на другите, толеранција и почитување; тие се учат преку искуството. Сакаме да ги поттикнеме младите луѓе да мислат, да чувствуваат и да делуваат, да ја употребат главата, срцето и рацете. Да се знае за човековите права е важно, но не е доволно. Важно е младите луѓе подобро да сфатат дека човековите права произлегуваат од човековите потреби, па затоа е потребно да се заштитат. На пр., младите луѓе кои не се во непосреден контакт со расната дискриминација, ќе помислат дека за тој проблем не треба да се грижат. Од аспект на човековите права, тој став не е прифатлив, сегде имаме одговорност да ги штитиме човековите права на другите.

Без разлика дали се дискутира за правото на живот или правото на слобода во изразувањето, човековите права се однесуваат на демократските вредности, почитување и толеранција. Сите тие се

вештини и ставови кои можат ефикасно да се научат само во околина и низ процес кои ги промовира токму тие вредности. На тоа треба да се стави акцент.

## Учење низ соработка

Соработката е заедничка работа во постигнувањето на заеднички цели. Во учењето низ соработка луѓето заедно работат на резултатите од кои ќе имаат корист и тие самите и сите останати членови на групата.

Учењето низ соработка промовира поголема продуктивност и подобри резултати, повнимателни, поверни односи и односи кои пружаат поголема поддршка, подобро психолошко здравје, социјални способности и самопочитување. Кога е учењето со натпреварувачки дух, се случува спротивното. Таквото учење ги промовира сопствените интереси, непочитување на другите и ароганција на победникот кој работи против оние неколкумина кои би можеле да постигнат победа и со тоа да ја загрозат неговата победа, додека остатокот , т.е. , губитниците, најчесто ја губат мотивацијата и самопочитувањето.

Важни компоненти во соработката се позитивната меѓузависност, интеракцијата "лице во лице", индивидуалната и групна одговорност, како и вештините за работа со луѓето. Најдобар начин за промовирање на учењето низ соработка е работата во група.

### Учество

Во едукацијата за човекови права учеството значи дека младите сами одлучуваат што и како ќе учат за човековите права. Низ учеството, младите развиваат различни способности, вклучувајќи ги и оние за донесувањето на одлуки, активното слушање, сочувството и почитувањето на другите, преземањето на одговорност за сопствените одлуки и дела. Улогата на учителот или тренерот, односно на фацилитаторот, е да им "помогне" или да им "олесне" на младите луѓе при учеството во процесот на учење.

Сите активности бараат соработка. Не можете само да седите и набљудувате, морате да се вклучите и да бидете активни. Една од најважните задачи во едукацијата за човекови права е како да се пронајде простор во кој младите луѓе можат активно да учествуваат и да

влијаат врз обликот и резултатот на активностите. По дефиниција, едукацијата за човекови права не можеме да ја наметнеме; водителот, едукаторот, учителот, тренерот имаат задача да го пронајдат тој простор и приликите за учество.

## Учење од искуство

Во едукацијата за човекови права, како и во едукацијата за развој, воспитание за мир, граѓанско образование, се користи методологијата на учењеиз искуство, кое се базира на циклус од пет фази:




Во петтата фаза се истражуваат практичните активности кои можат да се однесуваат на темата на која работите. Важно е луѓето да добијат можност да се вклучат. Ова не е само логичен резултат при процесот на учење, туку и важно средство за зајакнување на новото знаење, вештините и ставовите што претставуваат основа за нов циклус на учење

## Активности како алат за учење низ искуство

Секој пат кога спроведувате некоја од активностите би требало да го имате на ум овој циклус .

Активностите бараат учество и вклучување за да луѓето со кои работите би стекнале искуство не само да ја користат главата, туку и срцето и рацете. Таквите активности понекогаш ги викаме "игри" затоа што се забавни и луѓето учествуваат во нив со воодушевување. Вие, меѓутоа, мора да имате на ум дека активностите или игрите не ги правите само *за забава ,*туку дека се тоа средства со помош на кои ќе можете да ги постигнете образовните цели.

Активноста не треба само да се "спроведува" (првата фаза од циклусот на учење). Важно е  активноста да биде пропратена со осврт и вреднување за им се даде можност на младите луѓе да размислат за се што се случило (втора фаза),  да го проценат стекнатото искуство (трета и четврта фаза) и да одлучат што понатаму (петта фаза). Така повторно доаѓате до првата фаза на наредниот образовен процес.

Во училишните рамки на работа, активностите можат да помогнат да се отстранат вештачките граници помеѓу одредени предмети и да се понудат начини на кои што би можеле да се поврзат предметите и подрачјата на интересот, така што пристапот кон проблемот би бил поцелосен. Во неформалните рамки на работата, активностите можат да побудат интерес за проблемите, а бидејќи го промовираат учењето на недидактички начин, често се прифатливи за младите луѓе.

Активностите им помагаат на младите:

- Да бидат *мотивирани* за учење, бидејќи се забавни
- Да развијат *знаење, вештини, ставови и вредности*. Игрите се одлична прилика за тоа, бидејќи им пружаат можност на младите да екпериментираат со нов начин на однесување, па да прават грешки без последици, со кои би се сретнале и во приватниот живот
- Да се *променат.* Преку активностите можеме да им пренесеме порака дека секој може да се промени себеси или да ги промени своите односи кон другите.

- Да се *вклучат*. Активностите ги поттикнуваат помалку доминантните и членовите на групите кои помалку доаѓаат до израз.

- Да преземат *одговорност.* Членовите придонесуваат во работата со нивните искуства и вештини, секоја група користи активност на сопствено ниво и на начин кој и одговара.

- Да ја поттикнуваат *самоувереноста* и способноста за потпирање врз самиот себе. Активностите се така обликувани да ја намалат зависноста од фацилитатор, како личност која "знае се". Учесниците мора сами да преземат одговорност за своите активности.

- Да се *солидаризираат* со останатите. Активностите поттикнуваат кохезија на групата, идентификација со групата и солидарност.

Активностите даваат рамка и можност за стекнување на искуство во групата, кое ви овозможува да работите во границите на своите можности, способности и со искуствата на младите луѓе со кои работите. Кога добро ќе се реализираат, можат да бидат ефикасен метод на учење во зададената рамка.

## Фацилитација

Во прирачниците се користи термин "фацилитатор" за личности кои ги подготвуваат, презентираат и ги координираат активностите. Фацилитаторот им помага на луѓето да утврдат колку знаат, ги поттикнува повеќе да учат, па им помага да истражуваат и да го достигнат својот потенцијал. Фацилитирањето е создавање на таква околина во која луѓето учат, експериментираат, истражуваат и напредуваат. Тоа е процес на делење, давање и примање. За таков процес не е важна само една личност - "стручњак" кој го пренесува своето знаење и вештини на другите. Во тој процес, преку размена на искуства, сите напредуваат еднакво, и учесниците и фацилитаторите.

Можностите, да се биде фацилитатор со млади луѓе и да се работи во атмосфера на еднаквост и заедништво, се разликуваат во Европа, и во државите и помеѓу државите. Постојат разлики во формалниот образовен систем во целите и филозофијата на образованието, техниките на работа и курикулумот. Не е вообичаено,

учениците и студентите, во зададени рамки на курикулумот да одлучуваат за тоа што сакаат да учат, ниту пак е вообичаено, учителите да имаат улога на фацилитатор, иако има исклучоци. Постојат разлики и во неформалниот образовен систем и тоа не само во целите и филозофијата на различни организации, туку и во активностите и можностите кои ги нудат. Овие разлики се видливи , и помеѓу , и во самите држави.

Сите ние работиме по некои образовни и социјални норми на општеството во кое живееме. Лесно е да се предвиде и да се заборави сопствениот етноцентризам, па така, здраво за готово, да се сфати начинот на кој комуницираме и работиме со младите луѓе. Можеби би било добро да размислите за сопствениот стил и начин на работа за да ги развиете своите вештини за фацилитирање.

## Стилови на размислување, учење и поучување

Сите ние сме поединци кои размислуваат и учат на различен начин. Сите ние користиме збир на различни стилови, секој од нас има свој, преферирaн начин со кој ментално си го претставува светот околу себе (стил на размислување) и свој начин на учење. Ние како фацилитатори треба за тоа да бидеме свесни и да искористиме разни методологии и да ги заинтригираме талентираните и да побудиме интерес кај младите луѓе.

Важно е да се нагласи дека долу наведените стилови се најчести: сите ние ги користиме нив, но секој од нас има некој стил кој го преферира.

## ? Кои од долу наведените стилови ги преферирате?

Кратка содржина **на стиловите за размислување**

- ***Визуелниот тип*** на луѓе светот го замислуваат во слики. Тие користат фраза како, на пр.:"Гледам што мислиш".

- ***Аудитивниот тип*** на луѓе го помни она што го слуша. Тие често ја користат фразата:" Тоа звучи како добра идеја".

- ***Кинестетскиот тип*** на луѓе ги паметат работите низ физичките и психичките чувства. Користат фрази како : "Ми се допаѓа таа идеја, да го направиме тоа."

Кратка содржина на **стиловите на учење**

- ***Активистите*** најдобро учат низ активност во која се среќаваат со проблемите, приликите за учење и со нови искуства. Со задоволство се вклучуваат во игри , задачи кои бараат тимска работа и активности за играње на улоги. Сакаат големи предизвици. Негативно реагираат на пасивно учење, индивидуална работа како што е читање, пишување, размислување, како и на придавање важност на деталите.

- ***Мислителите*** најдобро учат кога имаат прилика да размислат за активноста. Тие уживаат детално да ја разработат активноста, да повторат што се случило и што се научиле. Не сакаат да бидат турнати во центарот на вниманието, ако немаат доволно податоци врз кои би ги засновале своите заклучоци. Не сакаат да работат површно и да се служат со кратки патеки во работата.

- ***Теоретичарите*** најдобро учат низ активност која е дел од системот, моделот, концептот или теоријата. Тие сакаат да работат во строго дефинирани ситуации и на интересни идеи и концепти. Не сакаат секогаш да учествуваат во ситуации кои ги нагласуваат чувствата.

- ***Прагматичарите*** најдобро учат низ активност со општа врска помеѓу тематиката и реалниот проблем и кога може да се примени наученото знаење. Тие се противат да учат за нешто што се темели *на теоријата и општите правила.* Не го сакаат чувството постојано да се вртат во круг, а ништо да не постигнат.

## Стилови на поучување

Различни луѓе имаат различни стилови и пристапи на поучување. Вашиот пристап зависи од вашиот систем на вредности, уверувања и претпоставки, карактеристики, искуство во поучувањето, како и довербата во работата со младите луѓе и човековите права.

| **Теорија X.** Учители / Тренери кои мислат дека луѓето: | **Теорија Y.** Учители/ Тренери кои мислат дека луѓето: |
|---|---|
| Во принцип се мрзливи,не сакаат да учат,се неодговорни | Сакаат да учат,сами ќе се упатат во темата |
| Треба да се тераат на работа | Се креативни |
| Потребно е да се дисциплинираат | Бараат совет |
| Е потребно да се водат | Ја прифаќаат одговорноста |
| Тренерот го има главниот збор Неприлагодлив е при планирањето | Тренерот бара учество Прилагодлив е при планирањето |
| Им зборува на луѓето | Тренерот ја води активноста преку одобрување и прифаќање |
| Дисциплина / начинот на работа е наметнат | Дисциплина/ начинот на работа е заеднички договорен |
| На учесниците им се даваат инструкции од стручњакот | Луѓето се одговорни за своето учење |
| Тренерот дава одговор на проблемот, дали туѓото мислење за решението на проблемот е добро или не | Ги поттикнува луѓето да ги бранат своите ставови и самите да најдат решение за своите проблеми |

Овде се работи за два екстремни стила во наставната работа. Во едукацијата за човековите права соодветни се препоставките од теоријата Y . Цел на едукацијата за човекови права е развивањето вредности на почитување, еднаквост, соработка и демократија, а тие вредности единствено можемем да ги промовираме преку процесот чија основа се тие.

## ?Сетете се на вашето искуство. Како беше да се учи од учители со овие два екстремни стила на поучување?

## Решавање на проблеми и конфликти како основа во едукацијата за човекови права

Прашањето за човековите права, често е контраверзно заради различните системи на вреднување кај луѓето, поради кои своите права и одговорности тие ги сфаќаат различно. Тие разлики кои се сметаат како конфликт на мислења се основа за нашата образовна работа.

Има две важни цели во едукацијата за човекови права: -првата, да се научат младите луѓе на вештините на почитување на туѓите мислења ( што не значи дека со нив мораат да се согласат ) и втората цел да развијат вештини за пронаоѓање на соодветни решенија, прифатливи за двете страни.

Активностите се базираат на фактот дека конфликтот на мислење може конструктивно да се искористи во образовниот процес доколку фацилитаторот се чувствува способен да се соочи со многу конфликтни ситуации во групата. Целта на активностите, како и во многу неформални образовни активности, не е сите учесници да се согласат со добиените резултати, туку низ целиот тој процес тие да учат (да ги слушаат другите, да го искажат своето мислење, да ги почитуваат туѓите или различни мислења и др.).